Планинарско Друштво „Агроном“
ул. 16-та Македонска бригада“ бр. 3
Скопје, Република Македонија

Факултет за земјоделски науки и храна
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Скопје, Република Македонија

# ПРОГРАМА

***за прваиот планинарски марш Сњежана Тројачанец* 24.06.2018**

**Инфо околу патеката и упатства за учесниците:**

**8:00:** Пристугнување на друштвата/клубовите и нивно пријавување на влезот во селото Галичник (1350 м.н.в.).

**8:30**: Поздравен говор и поаѓање на колоната.

**11:30**: Пристигнување на колоната на врвот Меденица (2163 м.н.в). На врвот Меденица ќе се одржи кратка комеморација во чест на Сњежана Тројачанец.

**12:30**: По протоколарниот дел учесниците се упатуваат назад кон селото Галичник.

**14:30**: По пристигнување во селото Галичник ќе бидат доделени благодарници и ќе се прогласат најмладиот и најстариот учесник на планинарскиот марш, со што ќе се затвори манифестацијата.

*Планинарската тура не е тешка, но сепак бара доволно подготвеност и кондиција. Патеката е долга вкупно 10 км во двата правци. Сите учесници треба да се физички кондиционо подготвени, со себе треба да понесат доволно количество вода и храна, според своите потреби. Вода за пиење има само на стартот во селото Галичник.*

*Потребно е учесниците со себе да понесат опрема за заштита на телото од сонце и дожд и добро разгазени обувки. Доколку се увиди дека некој од учесниците не е соодветно опремен/подготвен, можно е да добие препорака од водичите да не учествува во маршот. Доколку и покрај препораките, учесникот самостојно одлучи да го продолжи маршот, сам одговара за евентуалните последици од несоодветната подготвеност.*

*Секој учесник самостојно и на своја одговорност одлучува за учество на маршот. Задолжително да се почитуваат водачите на групата (учесниците да не се движат пред првиот и позади последниот водач). Водачите ќе бидат препознатливи по обележените маички кои ќе ги носат, на кои стои амблем и името на клубот.*

*На турата се добредојдени планинари/ки, членови на планинарски друштва и планинарски ентузијасти кои не се членови на планинарско друштво. ПД Агроном обезбедува водичи на турата. Други планинарски друштва кои се приклучуваат на турата се должни да назначат водач на својата група. Секоја промена или откажување на учеството на турата треба да се пријави кај организаторот. Организаторот го задржува правото за промена на турата поради различни причини.*

Тел: +389 2 3255 100
ФАКС: +389 2 3134 310
П.Фах 297, 1000 Скопје, Република Македонија

Тел: +389 70 858 045
e-mail: agronomfznh@gmail.com
www.fznh.ukim.edu.mk

Планинарско Друштво „Агроном“
ул. 16-та Македонска бригада“ бр. 3
Скопје, Република Македонија

Факултет за земјоделски науки и храна
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Скопје, Република Македонија

*Со оглед на фактот дека турата се организира во рамките на Националниот Парк Маврово,сите учесници се должни да платат влезница во износ од 30 денари, пожелно преку водичите на групите.*

*Оние кои нема да сакаат да го качат врвот постои опција да дојдат директно во селото и да ја чекаат групата тука уживајќи во Галичник. Превозот до селото Галичник е во сопствена организација.*

**Претседател,**

**Проф. д-р Мирјана С. Јанкуловска**

Тел: +389 2 3255 100
ФАКС: +389 2 3134 310
П.Фах 297, 1000 Скопје, Република Македонија

Тел: +389 70 858 045
e-mail: agronomfznh@gmail.com
www.fznh.ukim.edu.mk